# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализацијата на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување во Општина Валандово за 2020 година

Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување во Општина Валандово во 2020 година, се реализираше преку надлежната служба на општината, која перманентно ја следеше состојбата, превземаше мерки и ги координираше активностите на овој план. Притоа надлежната служба постојано имаше увид на теренот и благовремено превземаше мерки и активности за да се обезбеди континуирана и квалитетна услуга.

Реализирањето на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување и на средствата за оваа намена во 2020 година, е следната:

**1. Состојба и начин на сервисирање на јавното осветлување**

Заклучно со 31.12.2020 година, јавното осветлување во општина Валандово го опслужуваа вкупно 2334 броја на активни светилки, од различна рефлектирачка моќ или за 230 броја повеќе во однос на претходната година..

Одржувањето и проширувањето на јавното осветлување и набавката на материјали за одржување на мрежата за улично осветлување во Општина Валандово, се вршеше преку Друштвото за производство,трговија и услуги АБА ПЕЛИВАНОВ ДООЕЛ с.Фурка, Дојран, избрано во постапка за јавна набавка.

Состојба со активни светилки во општината е следната:

| ЛЕД рефл .10в | ЛЕД Рефл .20в | ЛЕД Рефл 30в | ЛЕД Рефл. 50в | ЛЕД Рефл 100в | ЛЕД свет.10в | НЕОН св.2х36в | ЕКО Св.40в/65в. | ЛЕД Св.50в | ЛЕД Св.100в | НАТР. Св. 70в. | НАТР. Св.150в | РГБ ИНСТ. лого |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | 14 | 26 | 11 | 7 | 131 | 6 | 384 | 84 | 42 | 1.545 | 51 | 9 |

**2 . Одржување и надополнување на мрежата**

Одржувањето на јавното осветлување се вршеше, врз основа на поднесена пријава – барање од страна на граѓани, Месни заедници како и врз основа на констатирани состојби при вршењето на редовни контроли на лице место од страна на надлежната служба на општината.

Интервенциите во јавното осветлување во 2020 година, по месеци и населени места може да се види од следната табела:

| Месец | Нас.место | Потег -дополн на мреж.- | СКС Кабел/м | Метален Столб | Комплет канделабра | Рефлектор 50w-200w | Рефлектор 10w-30w |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | Грчиште | од см.01 до см.39 | 220 | 5 | 7 | | |
| | Марвинци | од см.49 до см.80 | 140 | 3 | 3 | | |
| | Горна Мала | од см.37 до см.40 | 140 | 2 | 2 | | |
| | Валандово | од см.438 до см.495 | 90 | | 2 | | |
| | Пирава | Проб.кабел-РП до см.228 | 90 | | | | |
| Февруари | Валандово | Осветл.на Грчки гроб. | 90 | 2 | | 2x50 w | |
| | Пирава | од см.01 до см.64 | 32 | | 1 | | |
| | Пирава | од см.149 до см.237 | 40 | 1 | 1 | | |
| Март | Јосифово | од см.38 до см.205 | 35 | | 1 | | |
| | Раброво | Прикл.на мултиф.играл. | 70 | | | | |
| | Валандово | од см.394 до см.397 | 82 | 3(залиха) | 3 | | |
| | Валандово | Осветл.на м.в.Кафољо | 200 | | | 4x200 w | |
| | Пирава | од см.134 до см.155 | 35 | | 1 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Април | Удово | од см.39 до см.45 | 50 | | | | |
| Јуни | Удово | од см.39 до см.45 | 50 | | | | |
| | Удово | од см.43 до см.167 | 30 | 1 | 3 | | |
| | Калково | од см.38 до см.42 | 90 | | 2 | | |
| | Калково | од см.40 до см.48 | 30 | 1 | 1 | | |
| | Калково | од см.45 до см.56 | 40 | 2 | 2 | | |
| | Калково | од см.2 до см.50 | 40 | 1 | 2 | | |
| | Пирава | од см.7 до см.65 | 25 | 1 | 1 | | |
| | Пирава | од см.18 до см.73 | 25 | 1 | 2 | | |
| | Пирава | од см.44 до см.154 | 36 | | | | |
| | Пирава | Школ. игрaл.Рефлектори | | | | 6x200 w | |
| | Удово | од см.48 до см.153 | 52 | | 1(залиха) | | |
| | Валандово | см.406 | 30 | | | | 1 |
| | Брајковци | Школ. игрaл.Рефлектори | | | | 2x100 w | |
| Јули/Август | Брајковци | од см.43 до см.77 | 40 | | 1 | | |
| | Брајковци | од см.44 до см.78 | 35 | | 1 | | |
| | Марвинци | од см.46 до см.83 | 100 | 3 | 3 | | |
| | Калково | см.50 | | 1 | 1 | | |
| | Казандол | од см.2 до см.4 | 48 | 2 | 2 | | |
| | Казандол | см.25/26 | | | 2 | | |
| | Валандово | од см.340 до см.402 | 60 | 2 | 2 | | |
| | Дедели | од см.1 до см.42 | 100 | | 3 | | |
| | Валандово | см.400 | | | 1 | | |
| | Валандово | см.590 | | | 1 | | |
| | Валандово | см.603 | | | 1 | | |
| | Валандово | см.606 | | | 1 | | |
| | Валандово | Зам. АЛ-ЧЕ Мечкин Даб | 80 | | | | |
| | Валандово | Зам. АЛ-ЧЕ Гушев | 30 | | | | |
| | Пирава | Скинат СКС-115 невр. | | | 1 | | |
| Септември | Удово | Опожарен столб 140-132 | 45 | | | | |
| | Валандово | см.527 и см.528 | | | 2 | | |
| | Брајковци | од см.59 до см.80 | 103 | 4 | 5 | | |
| | Брајковци | см.85 | | | 1 | | |
| | Удово | см.151 | | 1 | | | |
| | Валандово | СОУ игралиште | | 2 | | | |
| | Чалакли | од см.23 до см.64 | 245 | 3 | 4 | | |
| | Марвинци | см.30-Рег. пат | | 1 | | | |
| | Калково | од см.50 до см.52 | 87 | 1 | 2 | | |
| | Валандово | Ул.„Моша Пијаде“ | 50 | | | | |
| Октомври/ноември | Пирава | од см.122 до см.277 | 31 | 1 | 1 | | |
| | Марвинци | од см.78 до см.79 | 30 | 1 | 1 | | |
| | Брајковци | см.72 | | 1 | 1 | | |
| | Валандово | од см.96 до см.585 | 114 | | 3 | | |
| | Валандово | Трафост.„Градинка“ | 45 | | | | |
| | Раброво | см.42 | | | 1 | | |
| | Дедели | од см.4 до см.39 | 63 | | 2 | | |
| | Дедели | од см.11 до см.26 | 33 | | 1 | | |
| | Грчиште | од см.2 до см.1 | 18 | | | | |
| | Валандово | СОУ игралиште | 91 | | | | |

Во текот на извештајната година, на потегот од Семафорите до Градскиот плоштад во Валандово, по целата должина на ул.„Моша Пијаде“, беше извршено кастрење на липите со што се постигнува поголема ефикасност на јавното осветлување.

Согласно донесените Одлуки и физибилити студија за примена на мерки за енергетска ефикасност во системот за јавно осветлување во Општина Валандово, во текот на 2020 година водена е постапка за јавна набавка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за реконструкција на јавното осветлување во општината, преку воведување на мерки за енергетска ефикасност, според ЕСКО Модел. Постапката е во завршна фаза, избран е најповолниот понудувач, со кој по добивањето на извештај од Електротехничкиот факултет во Скопје за соодветноста на доставените мостри на светилки со бараните технички карактеристики, ќе биде склучен договор и ќе се отпочне со реализација, согласно понудената динамика.

**3. Новогодишно украсување**

Планираното Новогодишно украсување, поради состојба со КОВИД-19 не беше реализирано.

**4. Финансиски показатели**

Вкупните приходи од комунална такса за јавно осветлување во 2020 година изнесуваа 8.020.921,00 денари.

Во 2020 година за потрошена електрична енергија за јавно осветлување, платени се фактури на вкупен износ од 4.263.822,00 денари.

- За набавка на материјали за одржување на јавното осветлување потрошени се вкупно 739.054,00 денари.
- За одржување и проширување на мрежата, потрошени се вкупно 1.453.139,00 денари.

Или расходите на општината во 2020 година за јавно осветлување биле вкупно 6.456.015,00 денари.

Одделение за правни работи,
јавни дејности и човечки ресурси

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-8/5
28.01 2021 год.
Валандово

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 15 став 1 точка 4, член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на четитириесет и третата редовна седница, одржана на ден 28.01.2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2020 година**

**1. СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализацијата на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Валандово за 2020 година.

**2.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков